**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Второто продолжение на Деведесет и вторат седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јуни 1998 година**

**Скопје, јуни 1998 година**

**92 СЕДНИЦА, II ПРОДОЛЖЕНИЕ, одржана на 10 јуни 1998 год.**

| **Дискутанти:** | **Дневен ред:** |
|---|---|
| **1. ПЕТКОВСКИ ТИТО - (ја води седницата) 1** | **Т.12 (Пред. за дон. на Зак. за здравствено осигурување) - стр.1** |
| **2. РИКАЛОВСКИ БОРИС – (Мин. за стоапанство) 2** | **Т.13 (Пред. за дон. на Зак. против ограничув. за конкуренција) - стр.2** |
| | **Т.14 (Пред. за дон. Зак. против нелојанната конкуренција) - стр.8** |
| | **Т.16 (Разрешување на судија на Апелац. суд во Скопје) - стр.8** |
| | **Т.17 (Разрешување) - стр. 9** |
| | **Т.18 (Пред. одлука за огласување на избор на судија на Апел. суд во Скопје) - стр. 9** |
| | **Т.19 (Предлог одлука) - стр.10** |

**ОСТАНУВААТ ОД ОВАА СЕДНИЦА,**

**- ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАКАЈ, Со ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН И**

**- НАЦРТ ЗАКОН НА ДАНОКОТ ЗА ДИ ДОДАДЕНА ВРЕДНИСТ;**

**ЗА НЕКОЈА ОД НАРЕДНИТЕ СЕДНИЦН КОГА ЌЕ ИМА ПРЕТСТАВНИК ОД ВЛАДАТА.**

**ДНЕВНИОТ РЕД Е ИСЦРПЕН....**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Деведест и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јуни 1998 година**

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа со 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Томислав Стојановски, Мирко Трипуновски, Сејфедин Харуни, Абдурауф Пруси, Ризван Сулејмани, Стојче Ковачевски, Љубомир Чадиковски, Драган Мицевски, Димче Настоски и Бранко Арсовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата на Собранието.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во мое и ваше име да им го честитам роденденот на пратениците Борис Павлов и Зоран Шапуриќ. Им посакувам добро здравје и многу успех во животот. (Аплауз).

Одиме на точката 12 –

Јас го заклучив претресот по Предлогот за донесување на Закон за здравственото осигурување.

Бидејки го заклучив претресот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на Закон за здравствено осигурување.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлот на закон, кој ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ да се доставаат до Владата на РМ и Министерството за здравство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (47).

Дали има некој против? (4).

Кој се воздржува од гласање? (12).

Констатирам дека Собрнаието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на Закон против ограничувањата на конкуренцијата.

Предлогот за донесување на законот, ивзетшаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес, има збор министерот Борис Рикалоски.

**БОРИС РИКАЛОСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван г-дине претседателе, пред Собранието денеска се наоѓаат на разгледување предлозите за донесување на Закон против ограничување на конкуренцијата и Законот против нелојалната конкуренција.

Имајќи го предвид значењето на политиката на конкуренцијата може да се заклучи дека овие закони се клучни за обезбедувањето на еднакви услови за стопанисување на сите субјекти кои учествуваа на пазарот на РМ.

На самиот почеток сакам да истакнам дека и двата текста регулираат една иста материја, а тоа е областа на конкуренцијата и токму за тоа се во паралелна собраниска процедура. Од друга страна, различни се начините и средствата за спроведување на двата закона, па заради тоа се предлага материјата содржана во нив, да биде утврдена со два посебни законски акти.

Политиката на конкуренцијата служи за постигнување на оптимална локација на ресурсите, технички прогрес и флексибилност, за прилагодување на промените на општествено-економскиот амбиент. Во тој контекст е конкуренцијата и конкурентноста во државата.

Искуството покажа дека само оние претпријатија кои се навикнати на силна конкуренција и кои работат успешно на отворени и динамични, пазари ќе бидат способни да функционираат ефикасно и на други, надворешни пазари.

Областа на конкуренцијата е регулирана со одделни одредби од Законот за трговија, меѓуроа, се оцени дека таквото регулирање е недоволно и не соодветствува на ново настанатиот општетвено-економски амбиент во земјата.

Имајќи ги предвид уставните определби, за слободата на пазарот и претприемаштвото, како темелна вредност на уставниот поредок, како и определбата од членот 55 од Уставот, со која се гарантира слобода на пазарот и претприемаштвото и се определува обврска на Републиката да обезбеди еднаква правна положба, за сите субјкети на пазарот, се налага потребата од воспоставување на законски основ за преземање на мерки против монополската положба и монополското однесување на субјкетите на пазарот.

Законите, чиј предлог за донесување е пред вас, содржат мерки за отстранување на негативните ефекти на различните видови правни работи и дејствија врз структурата на пазарот и врз структурата на конкуренцијата, како основа за заштита на погоре наведените начела.

Основната цел на Законот против ограничувањето на конкуренцијата, е заштитата на слободната конкуренција, како институција на пазарната економија. Законот се темели на претпоставката дека оваа цел треба да се постигне преку забрана на монополските договори и монополските одлуки, со соодветен поголем број на исклучоци, преку контролата на можните злоупотреби на доминатната позиција на претпријатијата што доминираат на некој одреден пазар, преку контролата врз спојување на претпријатијата, како и преку забраната на одредени акти и начини на однесување, што можат да се третираат како нерамноправен третман, или како акти и однесување, насочени против слободната конкуренција на пазарот.

Со одредбите од Законот се прогласуваат за ништавни сите договори и одлуки на претпријатијата, или на други претпријатија што имаат некоја заедничка цел, ако ваквите договори и одлуки, преку огрнаичување на, конкуренцијата, веројатно, можат да влијаат врз условите на проивзодството, или врз пазарните услови, поврзани со тргувањето, со одредени видови производи, или трговски услуги.

Ова практично значи дека сите договори и одлуки, што потпаѓаат под оваа забрана од Законот се ништавни и како такви ниту ќе можат да се исполнуваат, ниту пак може да се побара судска заштита во врска со нивното исполнување.

Законот депонира, што се подразбира под доминантна положба на пазарот, кој однесувања претставуваат злоупотреба на доминантната положба и ги утврдува средствата против злоупотребите.

Законот исто така, ги третира и спојувањата на стопанските субјекти кои делуваат на пазарот и се наведуваат околностите за кои се смета дека претставуваат спојување. Во оваа смисла, Законот ги утврдува мерките кои надлежнтие власти ги преземаат во функција на контрола на спојување.

Законот против ограничување на конкуренцијата, предвидува редица одредби, со кои се определуваат органите во чија надлежност ќе биде спроведувањето на овој Закон и ги предвидува правните процедури во согласност со кој истиот ќе се спроведува. Со овој Закон се предвидува формирање на комисија за монополи, која редовно на секој две години, врз основа на претходна анализа, ќе дава мислење, во врска со тенденциите и развојот на слободната конкуренција на пазарот на РМ.

Исто така, предвидено е формирање на монополска управа, во рамките на Министерстгото за стопанство, како посебен независен, оперативен орган.

За разлика од Законот против ограничувањето на конкуренцијата, што почива врз подоцнежниот став во пазарот за стопанство, дека пазарот самиот по себе, не може да гарантира слободата на пазарните субјекти, и дека токму затоа државата мора да интервенира во определени ситуации за да ја заштити таа слобода, Закнот против нелојалната конкуренција во себе го содржи класичното либерално начело, според кое, државите, без никкаво подоцнежно мешање, треба само да воспостават правила што ќе претставуваат правна рамка за пазарните активности.

Забраните содржани во Законот, против нелојалната конкуренција, претставуваат генерални забрани, што ги обврзуваат сите. Кога забраната на некој начин го засега јавниот интерес, право на изјавување тужба, имаат сите трговци и трговски здруженија. Мегутоа, во други случаи, кога постои некои што е директно оштетен со забранетото дејствие, само тој има право на изјавување тужба.

Со овие закони се заокружува правната рамка за функционирање на системот на пазарното стопанисување. При нивното изготвување, користени се искуствата на земјите со развиена пазарна традиција. Со оглед на нашите заложби, за постигнување на нивото на односите со Европската Унија, инкорпорирани се директивите кои се однесуваат на областа на конкуренцијата во Европската Унија.

Законите од досегашната база на нивна подготовка, доставени се во голем број странски субјекти, други стопански субјекти и сите соодветни стопански субјекти во земјата, како и до компонентните институции, како што се Европскиот директорат за конкуренција, Сојузната трговска комисија и Министерството за правда, Антимонополски сектор во САД, како и до Светската банка и добиени се позитивни миселења во однос на нивната содржина.

Имајки го сето ова во предвид, почитувани пратеници, сметаме дека се предложени текстови на закони кои успешно и на современ начин ги опфаќаат релевантните прашања, од областа што ја регулират.

Поради тоа, го изразувам своето очекување, предлозите за донесување на овие закони, да ја добијат и Вашата поддршка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор, го заклзучувам претресот и на Сбораниeто му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собрнаието на РМ го усвојува Прелдогот за донесување на Закон против ограничување на конкуренцијата.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и искажувањата содржани во извештаите на Рабонтите тела на Собрнаието.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела на Собранието, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (52).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Колку пратеници има во салата?

Заклучокот повторно го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (55).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 14 - Предлод за донесување на Закон против нелојалната конкуренција.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, однсоно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон против нелојалната конкуренција.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок, заедно со Извештаите на раобтните тела на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (60).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 16 - Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот за разрешување Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Констатирам дека Дане Илиев е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје по негово барање, поради избор за судија на Врховниот суд на РМ.

Минуваме на точка 17 - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Свети Николе.

Предлогот за резрешување ви е доставен.

Отворасм претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот за разрешување на судија на Основниот суд во Свети Николе и го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (56 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој  воздржан? (Не).

Констатирам дека Дијана Миовиќ е разрешена од функцијат судија на Основниот суд во Свети Николе по нејзино барање.

Минуваме на точка 18 - Предлог на одлука за огласување на избор на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам општ претрес по текстот на одлоуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (54 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој  воздржан? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и избор на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Минуваме на точка 19 - Предлог одлука за огласување и именување на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. 57 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Колку пратеници има во салата?

Значи имаме кворум, констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и именување на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Ни останаа уште две точки, тоа е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, со предлог на закон.

Тука немаме претставник на Владата.

Другиот е Нацрт Закон на данокот за додадена вредност.

Молам за информација дали некој од овие претставници на Владата, дали ќе дојдат или да одиме на новата седница.

Овие две точки ќе останат за некоја од наредните седници кога ќе имаме претставник на Владата. Бидејќи и министерот и заменикот на министерот за финансии се отсутни, на пат се, а не гледам ниту министерот или заменикот на министерот за сообраќај.

Со тоа дневниот ред е исцрпен.

Ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши во 13,50 часот).